УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

ISSN 1857-8713

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# YEARBOOK

ГОДИНА 9 VOLUME IX

GOCE DELCEV UNIVERSITY - STIP
FACULTY OF LAW

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ**

ISSN 1857-8713

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2019

# YEARBOOK
# 2019

**ГОДИНА 9** **VOLUME IX**

**GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP**
**FACULTY OF LAW**

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ**
**YEARBOOK**
**FACULTY OF LAW**

**За издавачот:**
Проф. Д-р Олга Кошевалиска
**For the publisher:**
prof. Olga Koshevaliska, Ph.D

| | |
|---|---|
| **Издавачки совет** | **Editorial Board** |
| Проф. Д-р Блажо Боев | prof. Blažo Boev, Ph.D |
| Проф. Д-р Лилјана Гудева – Колева | prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D |
| Проф. Д-р Јован Ананиев | prof. Jovan Ananiev, |
| Доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска | Ph.D Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D |
| **Меѓународен програмски комитет** | **International Editorial Board** |
| Проф. Д-р Јован Ананиев | Prof. Jovan Ananiev, Ph. D |
| Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Р. Македонија | University Goce Delcev – Stip, Macedonia |
| проф. д-р Јадранка Денкова | Prof. Jadranka Denkova, Ph. D |
| Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Р. Македонија | University Goce Delcev – Stip, Macedonia |
| Проф. Д-р Жан Пол Ленер | Prof. Jean Paul Lehners, Ph. D |
| Универзитет на Луксембруг, Луксембург | University of Luxembourg, Luxembourg |
| Проф. Д-р Аленка Верболе | Prof. Alenka Verbole, Ph. D |
| Универзитет на Љубљана, Словенија | University of Ljubljana, Slovenia |
| Проф. Татјана Петровна Суспицина | Prof. Tatjana Petrovna Suspicina, Ph.D |
| Московска Правна Академија, Русија | Moscow State Law Academy, Russia |
| Проф. Габриела Белова | Prof. Gabriela Belova, Ph.D |
| Југозападен Универзитет | South West University |
| „Неофит Рилски” - Бугарија | “Neofit Rilski”, Bulgaria |
| **Редакциски одбор** | **Editorial Staff** |
| Проф. д-р Јован Ананиев | prof. Jovan Ananiev, Ph.D |
| доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска | Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D |
| Доц. д-р Борка Тушевска | Ass. Prof. Borka Tushevska |
| **Главен уредник** | **Managing editor** |
| Проф. д-р Олга Кошевалиска | prof. Olga Koshevaliska, Ph.D |
| **Одговорен уредник** | **Editor in chief** |
| Доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска | Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska |
| **Јазично уредување** | **Language editor** |
| Даница Гавриловска-Атанасовска | Danica Gavrilovska-Atanasovska |
| (македонски јазик) | (Macedonian language) |
| **Техничко уредување** | **Technical editor** |
| Славе Димитров | Slave Dimitrov |
| **Редакција и администрација** | **Address of the Editorial office** |
| Универзитет „Гоце Делчев“-Штип | University Goce Delcev – Stip |
| Правен факултет | Faculty of Law |
| ул. „Крсте Мисирков“ бб | ul.”Krste Misirkov” BB PO.BOX 201 |
| п. фах 201, 2000 Штип | PO. Box 201, 2000 Stip |
| Р. Македонија | R. of Macedonia |

## С О Д Р Ж И Н А :

**ЃОРЃИЕВА Дијана и СТОИЛЕВА Зорица**
ДОКТРИНАТА ЗА ПРАВОСИЛНОСТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ
ВО АНГЛО-АМЕРИКАНСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ КАКО
ПОСЕБЕН КОНЦЕПТ НА ПРЕКЛУЗИЈА ........ 5

**ЈОСИФОВИЌ Ивица**
РЕГУЛАТИВАТА 2017/1939 ЗА КАНЦЕЛАРИЈАТА НА
ЕВРОПСКИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ: МЕЃУ ЗАСИЛЕНА
СОРАБОТКА И ЕДНОГЛАСНОСТ ........ 11

**МАЈХОШЕВ Андон и БЕЛОВСКИ Војо**
ИЗВОРИ НА НА МЕДИУМСКОТО ПРАВО ........ 23

**МАКСИМОВА Елена и МАРОЛОВ Дејан**
ЕТИОЛОГИЈА НА ЖЕНСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО ........ 33

**ПОП-АРСОВ Петар**
ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИКАТА ........ 47

**САВЕСКИ Дејан**
ПРАВНИ АКТИ, МАТЕРИЈАЛНИ ДЕЈСТВИЈА И ПРОПУШТАЊЕ КАКО
ПРЕДМЕТ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
ПРЕД УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА И ВО СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО ........ 61

**ТОДОРОВА Билјана, СТОЈАНОВСКИ Страшко и ДЕНКОВА Јадранка**
СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО
И СТАВОВИ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ........ 77

**ПОП-АРСОВ Петар**

**УДК: 329-055.2(497.7)**
**342.51/.53-055.2(497.7)**

## ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИКАТА

**Апстракт:** Овој труд го анализира учеството на жената во политиката, односно нејзината застапеност во политичките партии, законодавната и извршната власт во Република Македонија. Направена е анализа на учеството на жената во политиката во Европската Унија и земјите членки во функција на илустрација и компарација на состојбите во Република Македонија со оние во ЕУ. За да дојдеме до одговорите на прашањата од интерес на овој труд, во првиот дел од трудот беа анализирани состојбите во двете најголеми политички партии во Република Македонија, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. При тоа беа користени партиските акти и останатите расположиви податоци достапни на интернет страниците на двете политички партии. Анализата доведе до заклучок дека жените се застапени во рамки на највисоките партиски органи, но недоволно за да може да говориме за целосна родова еднаквост. Вториот дел се однесува на застапеноста на жената во законодавниот дом, при што беа користени официјални податоци од Собранието на Република Македонија. Крајниот заклучок во однос на учеството на жената во законодавната власт е дека постои значаен напредок во застапеноста на жената, но сеуште постои недоволна избалансираност и потполна родова еднаквост. Третиот дел од трудот го анализира учеството на жената во извршната власт, со акцент ставен исклучиво на учеството на жената во досегашните владини состави. Заклучок е дека отсуството на законска норма за минимално учество на помалку застапениот пол, односно жената, има пресудно влијание. Тоа значи дека задоволителната застапеност на жената во законодавната власт се должи најмногу на законската обврска за минимална застапеност на помалку застапениот пол. Четвртиот и последен дел претставува анализа и приказ на податоци за учеството на жената во политиката во ЕУ. Тука е прикажано учеството на жената во рамки на Европскиот парламент, националните парламенти и влади, како и застапеноста на локално и регионално ниво. Добиените резултати кои се однесуваат на застапеноста на жената во Европската Унија и нејзините земји членки доведе до заклучок дека учеството на жените во политичкиот живот на земјите членки на ЕУ, гледано низ призма на бројки, е слично со она во Република Македонија. Анализата покрај квантитативниот аспект го третира и квалитативниот аспект од учеството на жената во политиката. Резултатите од истражувањето укажуваат на постоење на нагорен тренд во застапеноста на жената во севкупниот политички живот. Ова особено се однесува на учеството во законодавната власт и застапеноста во политичките партии. Сепак, резултатите покажаа дека застапеноста во извршната власт, како и застапеноста во извршувањето на највисоките и најодговорни партиски и владини функции во Република Македонија е на исклучително ниско ниво. Истражувањето покажа дека се потребни дополнителни чекори и мерки со цел изедначување на квалитативниот аспект од застапеноста и учеството на жената во политиката.

**Клучни зборови**: *застапеност, учество, жена, политика, еднаквост.*

**POP'ARSOV Petar**

## WOMEN IN POLITICS

**Abstract:** This paper analyzes the participation of women in politics, that is, their representation in the political parties, the legislative and executive branches in the Government of the Republic of Macedonia. An analysis was done on the participation of women in the politics of the European Union and its member states in order to illustrate and compare the situation in the Republic of Macedonia with that of the EU. In order to find the answers to the questions of interest in this paper, the first part of the paper analyzes the situation in the two largest political parties in the Republic of Macedonia, VMRO-DPMNE and SDSM. The party acts and other data available on the websites of the two political parties were used. The analysis led to the conclusion that women are represented within the highest party organs, but insufficiently to speak of full gender equality. The second part deals with the representation of women in legislature, using official data from the Parliament of the Republic of Macedonia. The final

conclusion regarding the participation of women in the Parliament is that there has been significant progress in women's representation, but there is still a lack of balance and full gender equality. The third part of the paper analyzes the participation of women in Government, focusing exclusively on the participation of women in previous government posts. The conclusion is that the absence of a legal norm for minimal participation of the underrepresented sex, i.e. women, has a crucial impact. This means that the satisfactory representation of women in Parliament is largely due to the legal requirement of minimum representation of the under-represented gender. The fourth and final part is the analysis and presentation of data on women's participation in EU politics. It shows the participation of women within the European Parliament, national parliaments and governments, as well as at the local and regional level. The obtained results regarding the representation of women in the European Union and its member states concluded that the participation of women in the political life of EU member states, in terms of numbers, is similar to that in the Republic of Macedonia. In addition to the quantitative aspect, the analysis also addresses the qualitative aspect of women's participation in politics. The results of the research indicate that there is an upward trend in the representation of women in the overall political life. This is particularly true of legislative participation and representation in political parties. However, the results show that the representation in legislature, as well as the representation in the exercise of the highest and most responsible party and government functions in the Republic of Macedonia, is extremely low. Research has shown that additional steps and measures are needed to equalize the qualitative aspect of women's representation and participation in politics.

**Keywords:** *representation, participation, women, politics, equality*

## 1. **Вовед**

Родовата еднаквост претставува исклучително актуелна тема која што се наметнува во секојдневниот живот. Оваа тема е присутна во бројни истражувања и анализи. Како илустрација, постоењето на разликите во родовата застапеност е нотирано во Извештајот за Глобалниот родов јаз (Global Gender Gap report) за 2014 година[1]. Во овој извештај Република Македонија е рангирана на 70 место (од вкупно 142 земји) со резултат од 0,694 на скалата од 0 (нееднаквост) до 1 (еднаквост), при што најнизок резултат од 0.174 е добиен за политичко зајакнување. Само за споредба, највисокиот резултат од 0.989 е добиен за образованието, со што се смета дека мажите и жените се еднакви во оваа област во Република Македонија.

Постојат бројни документи кои што се однесуваат на оваа област и кои што имаат за цел постигнување на целосна родова еднаквост. Носител на активностите поврзани со родовата еднаквост е Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, на чија што интернет страница можат да се најдат бројни документи од областа на родова еднаквост[2]. На пример, родовата еднаквост веќе претставува еден вид на обврска која треба да се имплементира во секојдневното фнкционирање на македонската администрација, за што постои задолжителна обука која што треба да биде помината од секој административен службеник. Но, дали со постигнувањето на баланс во однос на прашањето на родовата еднаквост само на ниво на функционирањето на државниот административен апарат, или во делот на образованието ќе се постигне целосна еднаквост и еднаква застапеност, вклученост и влијание во севкупниот општествено политички живот? За да може да говориме за целосна родова еднаквост, неопходно е истата да биде постигната на сите нивоа, особено во рамки на ниво на креирање и имплементирање на политиките. Поконкретно кажано, неопходна е поголема застапеноост, вклученост и директно учество на жената во политиката со цел да може да говориме за целосна родова еднаквост на сите нивоа.

Учеството на жената во политиката е актуелна е тема којашто е постојано присутна на сите релевантни нивоа во општествено политичкиот живот, како на домашно така и на интернационално ниво. На домашната политичка сцена ова прашање особено се актуелизираше на почетокот на овој век, кога се отвори широка дебата за потребата од поголемо учество на жената во политиката

[1] World Economic Forum, The Global Gender Gap report 2014, pg. 8. http://www3.weforum.org/docs/GGGR14/GGGR_CompleteReport_2014.pdf

[2] Документи од областа на родова рамноправност и недискриминација. http://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx http://www.mtsp.gov.mk/rodova-ramnopravnost.nspx

на сите нивоа. Оваа дебата резултираше со измени во македонското законодавство при што на парламентарните избори во 2002 година, кога беше воведен пропорционалниот модел за распределба на пратенички места, секоја поднесена листа на кандидати за пратеници од вкупно 120 кандидати требаше да содржи минимум 30% од помалку застапениот пол. Истиот изборен модел е употребен и при спроведувањето на парламентарните избори во 2006 година, при што на овие избори е наметната обврската да на кандидатските листи бидат позициониран претставник од помалку застапениот пол на секое третто место, или со други зборови кажано минимум секој трет кандидат треба да биде жена. Оваа законска измена имаше за цел реално да го зголеми учеството на жените во парламентарниот и политичкиот живот со нивно позиционирање на добитните позиции на кандидатските листи. Во однос на ова прашање на ист начин беа спроведени и предвремените парламентарни избори во 2008 година. Со актуелниот текст на Изборниот законик, во членот 64, став 5 е предвидено да „најмалку 40% од кандидатите му припаѓаат на помалку застапениот пол, и тоа: на секои три места најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол и дополнително уште најмалку по едно место на секои десет места“[3].

Зајакнувањето на учеството на жената во парламентарната политичка димензија, односно законодавната власт, претставуваше поттик за учество и поголема вклученост на жената и во останатите сегменти на политиката. Каква е вклученостста на жената во различните сегменти од политичкиот живот е покажана во анализата соддржана во понатамошниот текст на овој труд.

## 2. Жената во политичките партии

За да може една личност да биде вклучена во политиката неопходно е истата да биде составен и активен дел од структурите и функционирањето на политичките партии. Тоа го покажа досегашната пракса на функционирање на политичкиот живот во Република Македонија. Мошне ретки се примерите во Република Македонија да една личност добие политички мандат или политички одговорна позиција, а притоа да не припаѓа на некоја од политичките партии. Ваквиот случај речиси и да не постои кога зборуваме за жената и нејзинита вклученост во политиката. Од сето ова се наметнува заклучокот дека вклученоста на жената во структурите на политичките партии претставува услов за нејзиното понатамошно политичко делување и учество во политиката.

Со цел да се направи релевантна анализа за застапеноста на жената во политичкиот живот во рамки на политичките партии во Република Македонија беше направено истражување врз основа на јавно достапните податоци на најголемите политички партии во државата, ВМРО-ДПМНЕ[4] и СДСМ[5]. И покрај намерата да се направи анализа на застапеноста на жената во рамки на Демократската унија за интеграција (ДУИ)[6], поради оскудните податоци на интернет страната на оваа партија, беше невозможно да се направи таква анализа, а во разговори со релевантни претставници од оваа партија беше посочено дека не поседуваат збирни податоци кои можат да ги задоволат потребите на овој труд.

Најголемите политички партии имаат и најразвиена партиска инфраструктура која што овозможува активно учество на жената во политиката. Покрај во стандардните партиски структури како што се Централниот и Извршниот комитет односно одбор, кои што претставуваат партиски органи на централно ниво, и општинските и месни комитети и одбори на локално ниво, жената има можност активно да делува и во партиските унии и клубови на жени. Ваквите партиски структури се востановени со цел да ја зголемат вклученоста на жената во политиката. Всушност може да се каже дека примарната цел на воспоставување на ваквите структури е да се постигне поголема масовност и квантитет со цел политички бенефит на политичките партии, изразен во поголем број на добиени гласови на изборните циклуси. Зголемувањето на вклученоста на жената во политиката произлегува како секундарен ефект од примарно поставената цел. Но, без оглед

[3] Изборен законик, пречистен текст. https://www.sobranie.mk/content/ 202016.pdf

[4] Интернет страница на ВМРО-ДПМНЕ (посетена на 08.04.2019 г.). https://www.vmro-dpmne.org.mk/

[5] Интернет страница на СДСМ (посетена на 08.04.2019 г.). http://sdsm.org.mk/Default.aspx?lng=1

[6] Интернет страница на ДУИ (посетена на 08.04.2019г.). https://bdi.mk/mk/index.php

на мотивите и целите за воспоставување на организациони форми кои што ќе го артикулираат интересот на жените во рамки на политичките партии, може слободно да се каже дека на овој начин се постигнува ефектот на масовност и квантитет кој што неизбежно резултира со регрутирање на квалитетен кадар за извршување на одговорни државни функции.

Унијата на жени на ВМРО-ДПМНЕ е организирана врз територијален принцип и ја пресликува структуралната поставеност на Партијата. Органи на Унијата на жени се:

- Конференција на Унијата на жени;
- Централен Комитет;
- Извршен Комитет;
- Градска организација со Градски комитет, како орган на Градската организација;
- Општинска организација со Општински комитет, како орган на Општинската организацијаи;
- Местна организација со Местен комитет, како орган на Месната организација.

Во ВМРО-ДПМНЕ се придава значење на учеството и застапеноста на жените во рамките на Партијата. За таа цел сите Општински комитети на ВМРО-ДПМНЕ имаат обврска да вклучат минимум 30% жени во својот состав. Во рамките на Централниот комитет полноправно учество земаат претседателот, секретарот и 5 члена на Извршниот комитет на Унијата на жени.

Организацијата на жени во СДСМ се нарекува Клуб на жени. Клубот на жени дејствува во рамките на СДСМ при што во целост ги прифаќа и остварува програмските документи на Партијата и дејствува на полето на унапредување на статусот и положбата на жените. Одлуката за основање и распуштање на Клубот на жени, како организација на жените на СДСМ, ја донесува Централниот одбор на СДСМ. Постои разлика помеѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ во тоа кој орган ја основа организацијата на жени. Во ВМРО-ДПМНЕ, со самото тоа што организацијата на жени ја основа највисокиот орган на Партијата, односно Конгресот, теориски гледано и се дава поголемо значење во рамките на Партијата[7].

Функционирањето на Клубот на жени на СДСМ е врз територијален принцип при што се следи структуралната поставеност на Партијата. За одбележување е фактот што координаторот на Клубот на жени на СДСМ не е полноправен член по функција на Централниот одбор на СДСМ. Може да присуствува на седниците на Централниот одбор без право на глас. Идентичен е случајот и со Извршниот одбор на Централниот одбор на СДСМ во којшто координаторот на Клубот на жени на СДСМ зема учество без право на одлучување.

Учеството на жената во стандардните партиски органи, како што се партиските конгреси, централни и извршни комитети/одбори сеуште е недоволно за да можеме да зборуваме за еднаква родова застапеност.

Централниот одбор на СДСМ[8] е составен од 117 члена од кои 46 се жени, односно 39.3%. Во Извршниот одбор[9] на оваа партија членуваат 9 жени од вкупно 24 члена, односно 37,5 %. Во Надзорниот одбор[10] жените учествуваат со 44%, односно 4 од 9 члена се жени. Претседателството на Градската организација на СДСМ[11] брои 12 члена од кои само една третина се жени (33,33% односно 4 од 12). Овие бројки укажуваат на фактот дека сепак постои задоволително присуство на жените во партиските органи на СДСМ, но сепак сеуште далеку од целосна родова еднаквост.

Факт кој што посебно паѓа во очи од направената анализа е застапеноста на жените на највисоките извршни позиции во партијата. Имено, претседател на СДСМ; претседателите на Централниот и Надзорниот одбор; претседателот, секретарот и двајцата потпретседатели на Градската организација се мажи. Со други зборови кажано највисоките позиции во оваа партија се раководени од мажи и учеството на жената на ова ниво буквално е сведено на нула.

---

[7] Поп-Арсов, П. „Структурална и функционална анализа на политичките партии во Република Македонија“, стр. 77-78. http://eprints.ugd.edu.mk/10418/1/Magisterska%20pdf%20lektorirana.pdf

[8] Централен одбор на СДСМ.
http://sdsm.org.mk/Centralen-odbor.aspx

[9] Извршен одбор на СДСМ.
http://www.sdsm.org.mk/Izvrshen-odbor.aspx

[10] Надзорен одбор на СДСМ.
http://www.sdsm.org.mk/Nadzoren-odbor-.aspx

[11] Градска организација на СДСМ.
http://sdsm.org.mk/Gradska-organizacija-Skopje-.aspx

Состојбата во ВМРО-ДПМНЕ е уште полоша во однос на застапеноста на жените во највисоките партиски органи. За составот на Централниот комитет[12] на оваа партија неможеше да се пронајде податок на офичијалната интернет страница на партијата. Во Извршниот комитет[13] членуваат 5 жени од вкупно 27 члена, што претставува 18,5%. Во составот на Извршниот комитет на младинската организација (УМС)[14] на ВМРО-ДПМНЕ влегуваат 7 жени од вкупно 23 члена, односно 30,4 % застапеност.

Но, исто како и во СДСМ така и во оваа партија, највисоките партиски позиции се „окупирани" од мажи и тоа: Претседателот, Потпретседателите и Генералниот секретар на ВМРО-ДПМНЕ; Претседателот и Генералниот секретар на УМС. Сите кадри кои што се наоѓаат на претходно споменатите највисоки партиски позиции се мажи.

Од изнесеново може да се заклучи дека жените се застапени во рамки на највисоките партиски органи, но недоволно за да може да говориме за целосна родова еднаквост. Особено загрижува податокот што во моментот ниту една жена не извршува некоја од највисоките партиски функции во рамки на најголемите политички партии во Република Македонија. Имајќи го во предвид фактот дека токму политичките партии се појдовна точка од која понатаму се регрутираат кадри кои што ги извршуваат највисоките и најодговорни државни функции, можеме да заклучиме дека учеството на жената во партискиот живот има повеќе симболично значење со цел да се запази потребниот минимум и формалниот аспект на родовата еднаквост, наместо нејзиното реално учество и застапеност на највисоките партиски позиции во рамки на кои се носат партиските одлуки.

### 3. **Жената во законодавната власт**

Во однос на застапеноста на жената во законодавната власт, како што веќе претходно рековме, беа направени низа законски интервенции со кои се зајакнуваат механизмите кои овозможуваат зголемено учество и застапеност на жената во законодавната власт, односно во Собранието на република Македонија.

Во 2002 година беше усвоен Изборен закон со кој беше воведен пропорционалниот модел за распределба на пратенички места. Се овој закон се предвидуваше минимално учество на претставниците на помалку застапениот пол од минимум 30%. Овој изборен модел беше применет и при спроведувањето на парламентарните избори во 2006 година, при што на овие избори беше наметната обврската да на кандидатските листи бидат позициониран претставник од помалку застапениот пол на секое третто место, или со други зборови кажано минимум секој трет кандидат треба да биде жена. Оваа законска измена имаше за цел реално да го зголеми учеството на жените во парламентарниот и политичкиот живот со нивно позиционирање на добитните позиции на кандидатските листи. Во однос на ова прашање на ист начин беа спроведени и предвремените парламентарни избори во 2008 година. Како што посочивме во воведот на овој труд, со актуелниот текст на Изборниот законик, во членот 64, став 5 е предвидено да најмалку 40% од кандидатите му припаѓаат на помалку застапениот пол, и тоа: на секои три места најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол и дополнително уште најмалку по едно место на секои десет места.

[12] Централен комитет на ВМРО-ДПМНЕ. https://vmro-dpmne.xyz/centralen-komitet/

[13] Извршен комитет на ВМРО-ДПМНЕ. https://vmro-dpmne.xyz/izvrsen-komitet/

[14] Извршен комитет на Унија на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ. https://vmro-dpmne.xyz/ik-na-ums-na-vmro-dpmne/

Овие интервенции во Изборното законодавство придонесоа да имаме зголемено учество на жената во законодавната власт кое што го илустрираме преку следните табели и графикони:

| Година на избори | 1998 | 2002 | 2006 | 2008 | 2011 | 2014 | 2016 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ и коалиција | 7 / 62 | 4 / 33 | 14 / 45 | 18 / 63 | 18 / 56 | 21 / 61 | 17 / 51 | 99 / 371 |
| СДСМ и коалиција | 3 / 27 | 15 / 59 | 9 / 32 | 8 / 27 | 13 / 42 | 12 / 34 | 17 / 49 | 77 / 270 |
| ДУИ (ПДП) | 0 / 14 | 1 / 16 | 4 / 17 | 5 / 18 | 5 / 15 | 5 / 19 | 2 / 10 | 22 / 109 |
| ДПА (НДП) | 0 / 11 | 0 / 7 | 3 / 11 | 3 / 11 | 1 / 8 | 1 / 7 | 0 / 2 | 8 / 57 |
| Останати партии | 0 / 6 | 0 / 5 | 4 / 15 | 0 / 1 | 1 / 2 | 0 / 2 | 1 / 8 | 6 / 39 |
| ВКУПНО | 10 / 120 | 20 / 120 | 34 /120 | 34 / 120 | 38 / 123 | 39 / 123 | 37 /120 | 212/846 |
| ВКУПНО во % | 8, 33 % | 16,66 % | 28,33% | 28,33 % | 30,89 % | 31,71 % | 30,83% | 25,06 % |

**Табела 1. Застапеност на жената во Собранието на Република Македонија по изборни циклуси и политички партии (табела според изборни резултати)**[15]




**Графикон 1. Вкупна застапеност на жената во Собранието на Република Македонија и застапеност според политички партии според изборни резултати (изразена во проценти).**

[15] Пратенички состав по изборни циклуси.
https://www.sobranie.mk/pratenici.nspx




**Графикон 2. Вкупна застапеност на жената во Собранието на Република Македонија според изборни резултати (изразена во проценти).**

| Година на избори | 1998 | 2002 | 2006 | 2008 | 2011 | 2014 | 2016 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ и коалиција | 5 / 43 | 2 / 10 | 15 / 40 | 25 / 53 | 18 / 47 | 20 / 52 | 14 / 36 | 99 / 281 |
| СДСМ и коалиција | 2 / 28 | 9 / 38 | 8 / 21 | 6 / 18 | 11 / 29 | 8 / 25 | 16 / 33 | 60 / 192 |
| ДУИ (ПДП) | 0 / 10 | 3 / 15 | 4 / 13 | 4 / 18 | 6 / 14 | 7 / 19 | 2 / 10 | 26 / 99 |
| ДПА (НДП) | 0 / 10 | 0 / 7 | 3 / 11 | 2 / 5 | 2 / 8 | 1/ 7 | 1 / 2 | 9 / 50 |
| Останати партии | 1 / 25 | 9 / 50 | 6 / 35 | 5 / 26 | 5 / 25 | 6 / 20 | 12 / 39 | 44 / 210 |
| ВКУПНО | 8 / 116 | 23 / 120 | 36 / 120 | 42 / 120 | 42 / 123 | 42 / 123 | 45* / 120 | 238 / 842 |
| ВКУПНО во % | 6,90 % | 19,17 % | 30 % | 35 % | 34,15 % | 34,15 % | 37,50 % | 28,27 % |

**Табела 2. Застапеност на жената во Собранието на Република Македонија по изборни циклуси и политички партии (табела според последен состав)**

*Прикажан е моменталниот број на жени пратенички во тек на мандатот на пратеничкиот состав (2016-2020)[16].

[16] Податокот е добиен на 09.04.2019 година од интернет страната на Собранието на Република Македонија. https://www.sobranie.mk/segashen-sostav-2016.nspx




Графикон 3. Вкупна застапеност на жената во Собранието на Република Македонија и застапеност според политички партии на крајот од мандатот (изразена во проценти).




**Графикон 4. Вкупна застапеност на жената во Собранието на Република Македонија на крајот од мандатот (изразена во проценти).**

Од табелите и графиконите можеме да извлечеме генерален заклучок дека постои зголемување на учеството на жената во законодавната власт и дека законските измени делумно ја оствариле поставената цел. Велиме делумно затоа што сеуште не е постигната целосна родова еднаквост во работата на Собранието на Република Македонија. Сепак, во случајот со застапеноста на жената во законодавната власт можеме да говориме за задоволителни резултати, особено ако направиме споредба со застапеноста во извршната власт, а кое што ќе го видиме подолу во текстот.

Во однос на вкупната застапеност на жената парламентарка резултатите од истражувањето покажуваат дека, почнувајќи од изборите во 1998 година, кога не постои законска обврска за минимално учество на припадниците на помалку застапениот пол, преку 2002 година кога за прв пат се воведува принципот на минимално учество, па се до изборите во 2006 и 2008 се забележува перманентен раст на застапеноста на жената во Собранието на Република Македонија. Ова се должи на постојаните законски прилагодувања и подобрувања во однос на вклученоста на жената, најпрвин на кандидатските листи, а потоа и во добиени пратенички мандати.

Во собранискиот состав од 1998 година доминираат мажи. Во овој собраниски состав избрани се само 10 жени пратенички од вкупно 120 пратеници, што претставува само 8,33 % , додека до крајот на мандатниот период нивниот број паѓа на 8, што претставува 6,90%. Првиот посериозен раст се случува на изборите во 2002 година кога се избрани 20 пратенички, односно 16,66% од вкупниот број пратеници. Законската обврска за триесетпроцентна застапеност на кандидатските листи не даде идентична застапеност и во пратенички мандати. Причините за оваа појава лежат во тоа што на овие избори жените беа позиционирани во долниот дел од кандидатските листи, односно на не добитни места.

Согледувајќи ги ефектите од изборите во 2002 година, во 2006 година Собранието на Република Македонија пристапи кон нови законски измени со кои се наметна обврската за застапеност на претставникот на помалку застапениот пол на секое трето место, односно на секои наредни три места од кандидатските листи да има по еден претставник од помалку застапениот пол. Со други зборови кажано, овие законски измени овозможија жената да биде позиционирана на кандидатските листи на добитни места кое што резултираше со поголема нејзина застапеност во добиените пратенички мандати. Од табелите и графиконите може да видиме дека на изборите во 2006 година се избрани 34 жени од вкупно 120 пратеници, што претставува 28,33% со што речиси се исполнува целта на законските измени. Потполно исти резултати во однос на застапеноста на жената во македонското собрание се постигнати и на предвремените парламентарни избори во 2008 година.

Зголеменото учество на жената во парламентарниот живот доведува до нејзино зголемено влијание во општествено политичкиот живот на земјата. Исто така, жената веќе се наметнува како неизоставен дел од политичкиот живот и потреба за за самите политички партии од причина што нејзиното учество позитивно влијае на резултатите на самите политички партии. Овие елементи придонесуваат за благ пораст на избрани пратенички на изборите во 2011 година, кога се избрани 38 жени од 123 пратеници (30,89%), понатаму на изборите во 2014 година кога се ибрани 39 жени од вкупно 123 пратеници (31,71%), за да на последните избори од 2016 година бидат изберени 37 жени од 120 пратеници (30,83%).

Од претходно кажаново може да заклучиме дека постои сериозен пораст на учеството на жената во законодавната власт на Република Македонија, кое што во прва фаза претсавува резултат и примарно се должи на наметнатата законска обврска, додека во втора фаза и како секундарен ефект претставува резултат на активноста на жените во политичкиот живот на државата.

Интересни се податоците добиени преку истражувањето на застапеноста на жената на крајот од мандатниот период на еден парламентарен состав. Споредбата на застапеноста на жената на почетокот и на крајот на мандатот особено е интересна за парламентарните состави почнувајќи од 2002 година, па се до последниот состав од 2016 година. Од споредбата на резултатите може да видиме дека бројот на жени пратенички во сите парламентарни состави е поголем на крајот од мандатниот период во споредба со распоредот на пратеничките мандатите веднаш после изборите. Во 2002 година таа бројка се зглемува од 20 на 23 пратенички. Во 2006 година од 34 на 36, за да во 2008 година има уште поголем скок од 34 на 42 пратенички. Во 2011 и 2014 година бројот на пратенички се зголемува од 38, односно 39 на 42 пратенички на крајот од мандатниот период. Во мометот на истражувањето во Собранието на Република Македонија[17] членуваат 45 жени, што претставува апсолутен рекорд во досегашното работење на оваа институција.

Но, се поставува прашањето дали овие показатели се позитивни или негативни во однос на севкупната застапеност на жената во политичкиот живот на земјата. Факт е дека поголем е бројот на мажи кои од парламентарните клупи заминуваат на извршување на одговорни функции во извршната власт[18], при што се ослободуваат места во Собранието кои што се пополнуваат со

[17] По спроведените уставни измени Собранието е преименувано во Собрание на Република Северна Македонија во 2019 година.

[18] Споредба на мажи и жени кои го напуштиле Собранието на Република Македонија, кои во најголем број од случаите направиле трансфер од законодавната во извршната власт.

| Година на избори | 2006 | 2008 | 2011 | 2014 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|
| Пратеници | 10 | 14 | 14 | 9 | 19 |
| Пратенички | 2 | 2 | 2 | 5 | 2 |

претставници од кандидатските листи од пониските ешалони. Статистиката покажува дека на овие пониски позиции поголемиот број се жени и токму тие се оние кои што ги пополнуваат упразнетите места. Ова не води кон заклучок дека зголеменaта застапеност на жената во законадавната власт на крајот од мандатниот период е резултат на нејзината помала вклученост во извршната власт. Попрецизно кажано, во споредба со избраните пратеници од машки пол, значително е помал бројот на жени кои од законодавната преминуваат во извршната власт.

Од анализата на застапеноста на жената во законодавниот дом по политички партии, со мали исклучоци, генерално може да се заклучи дека во пратеничките групи на политичките партии, односно коалиции (тука се мисли на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ), има поголема застапеност на жените кога партијата/коалицијата е на власт отколку што тоа е случај кога партијата е во опозиција. Овој заклучок се однесува на состојбата на крајот од мандатниот период на еден парламентарен состав. На овој начин уште еднаш го потврдува заклучокот дека многу е поголем трансферот на избрани пратеници од законодавна во извршна власт во споредба со избраните пратенички.

Како краен заклучок во однос на учеството на жената во законодавната власт може да се каже дека постои значаен напредок во застапеноста на жената во законодавната власт, но сеуште постои недовлна избалансираност и потполна родова еднаквост.

## 4. **Жената во извршната власт**

Извршната власт во Република Македонија всушност е онаа власт каде што се креираат и имплементираат политиките и тоа е токму онаа власт која што ја има реалната моќ во државата.

| Година на избори | 1998 | 2002 | 2006 | 2008 | 2011 | 2014 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мажи | 23 | 16 | 18 | 20 | 20 | 24 | 22 |
| Мажи (%) | 85,18% | 88,88% | 85,71% | 90,91% | 86,96% | 92,31% | 84,61% |
| Жени | 4 | 2 | 3 | 2 | 3 | 2 | 4 |
| Жени (%) | 14,82% | 11,12% | 14,29% | 9,09% | 13,04% | 7,69% | 15,39% |

Табела 3. Споредба на бројот на министри мажи и жени во новоизбраните влади на Република Македонија како резултат од исходот на изборите[19].

Во Табела 3. е прикажана споредба на бројот на министри според полова припадност во сите новоформирани влади на Република Македонија. Споредбата е направена само на оние владини состави кои што се избрани непосредно по оддржаните изборни циклуси. Во оваа споредба не се вклучени владините состави кои што се резултат на тековните реконструкции помеѓу два изборни циклуса. Генералниот соодност меѓу мажите и жените членови на владите на Република Македонија не отстапува значително ниту по направените реконструкции во текот на мандатниот период.

Од податоците може да се види дека постои огромна разлика во застапеноста меѓу мажите и жените во сите влади. Бројот на жени министри варира меѓу 2 и 4 во составот на една влада,

[19] Податоци за членови на Владата на Република Македонија од 1998 година до денес. (посетено на 10.04.2019 г.)
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/ACAF5267E92547CAA4647ACC10A583E3.pdf
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/1FF293CA2CE54FD0AF0C4AFB746D1B8C.pdf
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/980244F81D444DB7B6FE00740124BEBD.pdf
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/691BA2E5719740BD9F4EABAB01EF61ED.pdf
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/8A81FFC6246F4893B748CB23B0D2A427.pdf
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/8D32C22797BD4FDF8E09ADE1A78D0F0A.pdf
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/C6F09534ED4846A3BD10E14BEB8B1AF5.pdf
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/BF727E554B1C48B6982578650F32966E.pdf
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/B9462C9686ED48EAB13087AD28197FF1.pdf
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/B84406FD306EA446971BD37F3F7D1BA4.pdf
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/E48BB04C5E64FD47B3FB8C35C53D0101.pdf
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/226B2D17B24B584BB3B4B80252D2B3DD.pdf
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/40CCD548F010244C81F4389E995ECEF9.pdf
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/70BDE5BA24ECA548876E0D859D7317E8.pdf
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/330901C26E46044180D3EDBDE273CFE2.pdf
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/F0C35079FC12754ABFD04AE427AAC251.pdf
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/64c0bf2068744111b80f8f8b280c5326.pdf
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/45605e06d1c3416faf3b44b5a8ea4800.pdf
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/4b95972c6c054366b7c0d95697f0c7e3.pdf

односно меѓу 7,69% и 15,39%. Овој податок не води до заклучок дека застапеноста на жената во највисоките позиции од извршната на државно ниво е исклучително ниска. Како резултат на тоа можеме да заклучиме дека влијанието на жената во креирањето и спроведувањето на политиките е далеку помало од она на мажите.

Застапеноста на жената во извршната власт на локално ниво е уште пониска. Ако се земе во предвид застапеноста само на позицијата градоначалник на општина или на Градот Скопје може да се каже и дека е сведена на апсолутен минимум.

| Година на избори | 2005 | 2009 | 2013 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| Мажи | 83 | 85 | 77 | 76 |
| Мажи (%) | 97,65% | 100% | 95,06% | 93,83% |
| Жени | 2 | 0 | 4 | 5 |
| Жеми (%) | 2,35% | 0% | 4,94% | 6,17% |

Табела 4. Споредба на бројот на градоначалници мажи и жени во општините и Градот Скопје според година на избори.

Од Табела 4. може јасно да се види дека застапеноста на жените на позицијата градоначалник на општина е исклучително ниска. Во однос на позицијата градоначалник на општина не постои законска регулатива со која ќе постои можност за утврдување на минимална застапеност на претставниците на помалку застапениот пол. Исто така, и во однос на учеството во извршната власт на државно ниво не постои законска рамка која ја дефинира минималната застапеност на помалку застапениот пол.

Овој факт, како и фактот дека жената е значително помалку застапена во извршната власт на централно и локално ниво не води кон заклучок дека отсуството на законска норма за минимално учество на помалку застапениот пол, односно жената, има пресудно влијание. Тоа значи дека задоволителната застапеност на жената во законодавната власт се должи најмногу на законската обврска за минимална застапеност на помалку застапениот пол.

## 5. **Застапеност на жената во политиката во Европската Унија и земјите членки**

Застапеноста на жените во Европскиот Парламет[20], кој што претставува своевидна законодавна власт на ниво на Европската Унија, бележи раст од почетните 16,6% застапеност на жените во првиот состав на Европскиот Парламент избран во 1979 година, па се до 35,8%, резултат добиен по изборите во 2014 година. Слично како и трендовите во Собранието на Република Македонија, така и во Европскиот Парламент, последните бројки за родова рамнотежа покажуваат дека процентот на жени-членки на Европскиот Парламент бележи мал пораст на изборите во 2014 година и сега изнесува 36,1%. Оваа застапеност е над просекот[21] во националните парламенти на земјите членки на ЕУ, кој што изнесува 30,2%.

Состојбата на регионално и локално ниво покажува слична застапеност на жената како на национално ниво. Просечната застапеност на жената во регионалните собранија[22] на земјите членки на ЕУ изнесува 33,3%, додека просекот на застапеноста на жената во локалните и општинските совети[23] изнесува 32,1%.

Споредбата меѓу националните парламенти на земјите членки на ЕУ покажува дека постојат големи разлики, почнувајќи од оние со висок процент на жени, како што се Финска со 76,9% или

[20] Застапеност на жените во Европскиот парламент, Women in the European Parliament, стр. 5. http://www.europarl.europa.eu/RegData/publications/2018/0001/P8_PUB%282018%290001_EN.pdf

[21] Застапеност на жената во националните парламенти на земјите членки на ЕУ (се однесува на состојбата во националните парламенти во 2015 година). https://eige.europa.eu/gender-statistics/dgs/indicator/gei_core_pwr_pol_offic__gei_pwr_pol_parl/bar

[22] Застапеност на жената во регионалните собранија на земјите членки на ЕУ (се однесува на состојбата во националните парламенти во 2015 година). https://eige.europa.eu/gender-statistics/dgs/indicator/wmidm_pol_parl__wmid_regall_ass/bar

[23] Застапеност на жената во локалните и општински совети на земјите членки на ЕУ (се однесува на состојбата во националните парламенти во 2017 година). https://eige.europa.eu/gender-statistics/dgs/indicator/wmidm_pol_parl__wmid_locpol/bar

Хрватска и Ирска со по 54,5%, па се до земји како Бугарија со 17,6%, како и Естонија и Кипар со по 16,7%.

Земјите кои на национално ниво имаат висока застапеност на жените исто така имаат висока застапеност и на регионално ниво, при што Шпанија, Франција и Шведска се приближуваат кон целосна родова еднаквост. На другиот крај од табелата се Унгарија, Словачка и Романија, во кои што процентот на жени не достигнува ни 20%.

На локално ниво Шведска и Финска се на врвот, иако само Шведска има застапеност од над 40% жени во локалните и општинските совети. На дното се Романија, Кипар, Грција и Хрватска со помалку од 20% жени што учествуваат во работата на локалните и општинските совети.

Уделот на жените во националните влади на земјите членки на ЕУ бележи пораст од 23% во 2003 година на 30% во 2018 година. Во 2018 година, најголемо учество на жени членови на владата е забележано во Шпанија и Шведска (52%), потоа Франција (49%), Холандија (42%) и Данска (41%). На дното од листата на учеството на жените во националните влади се Кипар, Италија и Полска со 17.0, Малта со 12% и Унгарија со 7%.

Сепак, во однос на учеството на жената во извршната власт, *Извештајот за еднаквост на жените и мажите во ЕУ за 2018 година*[24] посочува на постоење на значајни родови разлики во министерските ресори во националните влади. На мажите најчесто им се доверуваат ресори со висок профил како што се надворешните и внатрешните работи, одбраната, правдата, финансиите и индустријата, додека жените добиваат ресори како што се култура, здравство, образование или социјалните прашања.

Бројот на жени претседатели и премиери во земјите членки на ЕУ, исто така, се зголеми во периодот 2003-2018 година. Во 2018 година имаше три жени шефови на влади (11%), додека во 2003 година немаше ниту една. Сепак, во текот на овој 15-годишен период уделот на жените шефови на влади во земјите членки на ЕУ никогаш не надмина 14%, што значи дека никогаш досега не беа повеќе од четири жени во оваа позиција во исто време.

Од погоре изнесените податоци можеме да заклучиме дека учеството на жените во политичкиот живот на земјите членки на ЕУ во просек е слично со она во Република Македонија. Можеме да заклучиме и дека сеуште не е постигната целосна родова еднаквост ако и предвид просечните вредности. Но, ако се направи поединечна анализа на секоја земја членка, се наметнува заклучок дека постојат големи разлики меѓу самите земји од ЕУ. Заклучок е и дека бројките повеќе покажуваат подобрување во квантитативниот сегмент од застапеноста на жената во политиката додека во квалитативниот дел, односно застапеноста на жената на највисоките и најмоќни политички позиции, сеуште е на релативно ниско ниво.

## 6. Заклучоци

Од направената анализа може да заклучиме дека постои нагорен тренд во застапеноста на жената во севкупниот политички живот. Во однос на вклученоста во политичките партии, заклучок е дека жените се застапени во рамки на највисоките партиски органи, но недоволно за да може да говориме за целосна родова еднаквост. Особено загрижува податокот што во моментот ниту една жена не извршува некоја од највисоките партиски функции во рамки на најголемите политички партии во Република Македонија. Имајќи го во предвид фактот дека токму политичките партии се појдовна точка од која понатаму се регрутираат кадри кои што ги извршуваат највисоките и најодговорни државни функции, можеме да заклучиме дека учеството на жената во партискиот живот има повеќе симболично значење со цел да се запази потребниот минимум и формалниот аспект на родовата еднаквост, наместо нејзиното реално учество и застапеност на највисоките партиски позиции во чии што рамки се носат партиските одлуки.

Во однос на учеството на жената во законодавната власт во Република Македонија, заклучок е дека постои сериозен пораст на учеството на жената. Анализата покажа дека ваквиот сериозен пораст примарно се должи на наметнатата законска обврска за минимално учество на помалку застапениот пол, додека секундарно претставува резултат на активноста на самите припаднички од женски пол во политичкиот живот на државата.

---

[24] Извештај за еднаквост на жените и мажите во ЕУ за 2018 година.
https://publications.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/950dce57-6222-11e8-ab9c-01aa75ed71a1/language-en

Анализата покажа дека постои поголема застапеност на жената во законодавната власт на крајот од мандатниот период отколку на почетокот од мандатот како резултат на изборните резултати. Заклучок е дека оваа зголемување на учеството на жената е резултат на нејзината помала вклученост во извршната власт. Попрецизно кажано, значително помал број на жени преминуваат од законодавната во извршната власт, во споредба со избраните пратеници од машки пол,.

Од анализата на застапеноста на жената во законодавниот дом по политички партии, со мали исклучоци, генерален заклучок е дека во пратеничките групи на политичките партии, односно коалиции, има поголема застапеност на жените кога партијата/коалицијата е на власт отколку што тоа е случај кога партијата е во опозиција. Овој заклучок се однесува на состојбата на крајот од мандатниот период на еден парламентарен состав. На овој начин уште еднаш се потврдува заклучокот дека многу е поголем трансферот на избрани пратеници од законодавната во извршната власт во споредба со избраните пратенички.

Како краен заклучок во однос на учеството на жената во законодавната власт може да се каже дека постои значаен напредок во застапеноста на жената во законодавната власт и тој напредок и застапеност се значително поголеми во однос на застапеноста на жената во извршната власт на државно и локално ниво. Сепак, заклучок е и дека сеуште постои недовлна избалансираност и потполна родова еднаквост.

Анализата не доведе до заклучок дека застапеноста на жената во највисоките позиции од извршната на државно ниво е исклучително ниска, а со тоа и влијанието на жената во креирањето и спроведувањето на политиките е далеку помало од она на мажите.

Фактот дека не постои законска рамка со која би се регулирало минималното учество на жената во извршната власт, како и фактот што жената е значително помалку застапена во извршната власт на централно и локално ниво доведе до заклучок дека отсуството на законска норма за минимално учество на помалку застапениот пол, односно жената, има пресудно влијание. Тоа значи дека задоволителната застапеност на жената во законодавната власт се должи најмногу на законската обврска за минимална застапеност на помалку застапениот пол.

Направената анализа на податоците кои што се однесуваат на застапеноста на жената во ЕУ и нејзините земји членки доведе до заклучок дека учеството на жените во политичкиот живот на земјите членки на ЕУ во просек е слично со она во Република Македонија. Заклучок е и дека сеуште не е постигната целосна родова еднаквост земејќи ги просечните вредности како резултат на поединечните вредности од секоја земја членка. Поединечната анализа за секоја земја членка доведе до заклучок дека постојат големи разлики меѓу самите земји од ЕУ.

Исто така, заклучок е и дека податоците за застапеност на жената во политиката повеќе покажуваат подобрување во квантитативниот сегмент, додека во квалитативниот дел односно застапеноста на жената на највисоките и најмоќни политички позиции, сеуште е на ниско ниво.

**Користена литература:**

[1] World Economic Forum, The Global Gender Gap report 2014.
http://www3.weforum.org/docs/GGGR14/GGGR_CompleteReport_2014.pdf
[2] Интернет страница на Министерството за труд и социјална политика.
http://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx
http://www.mtsp.gov.mk/rodova-ramnopravnost.nspx
[3] Изборен законик, пречистен текст.
https://www.sobranie.mk/
content/202016.pdf
[4] Интернет страница на ВМРО-ДПМНЕ.
https://www.vmro-dpmne.org.mk/
[5] Интернет страница на СДСМ.
http://sdsm.org.mk/Default.aspx?lng=1
[6] Интернет страница на ДУИ. https://bdi.mk/mk/index.php
[7] Поп-Арсов, П. „Структурална и функционална анализа на политичките партии во Република Македонија“.
http://eprints.ugd.edu.mk/10418/1/Magisterska%20pdf%20lektorirana.pdf

[8] Централен одбор на СДСМ.
http://sdsm.org.mk/Centralen-odbor.aspx
[9] Извршен одбор на СДСМ.
http://www.sdsm.org.mk/Izvrshen-odbor.aspx
[10] Надзорен одбор на СДСМ.
http://www.sdsm.org.mk/Nadzoren-odbor-.aspx
[11] Градска организација на СДСМ. http://sdsm.org.mk/Gradska-organizacija-Skopje-.aspx
[12] Централен комитет на ВМРО-ДПМНЕ.
https://vmro-dpmne.xyz/centralen-komitet/
[13] Извршен комитет на ВМРО-ДПМНЕ.
https://vmro-dpmne.xyz/izvrsen-komitet/
[14] Извршен комитет на Унија на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ.
https://vmro-dpmne.xyz/ik-na-ums-na-vmro-dpmne/
[15] Интернет страница на Собранието на Република Македонија.
https://www.sobranie.mk/pratenici.nspx
[16] Податоци за членови на Владата на Република Македонија од 1998 година до денес добиени од Службен Весник на Република Македонија.
[17] Застапеност на жените во Европскиот парламент, Women in the European Parliament.
http://www.europarl.europa.eu/RegData/publications/2018/0001/P8_PUB%282018%290001_EN.pdf
[18] Застапеност на жената во националните парламенти на земјите членки на ЕУ.
https://eige.europa.eu/gender-statistics/dgs/indicator/gei_core_pwr_pol_offic__gei_pwr_pol_parl/bar
[19] Застапеност на жената во регионалните собранија на земјите членки на ЕУ.
https://eige.europa.eu/gender-statistics/dgs/indicator/wmidm_pol_parl__wmid_regall_ass/bar
[20] Застапеност на жената во локалните и општински совети на земјите членки на ЕУ.
https://eige.europa.eu/gender-statistics/dgs/indicator/wmidm_pol_parl__wmid_locpol/bar
[21] Извештај за еднаквост на жените и мажите во ЕУ за 2018 година.
https://publications.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/950dce57-6222-11e8-ab9c-01aa7